**20201251669**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 19 став (7) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16 и 144/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 мај 2020 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УКИНУВАЊЕ НА УВОЗНАТА ДАВАЧКА - ЦАРИНСКАТА СТАПКА ЗА ЗАМРЗНАТО СВИНСКО МЕСО И СВИНСКО САЛО ИСЧИСТЕНО ОД МЕСО И ЖИВИНСКО САЛО, НЕИСТОПЕНИ ИЛИ ПОИНАКУ ИЗДВОЕНИ, СВЕЖИ, РАЗЛАДЕНИ, ЗАМРЗНАТИ, СОЛЕНИ, ВО САЛАМУРА, СУШЕНИ ИЛИ ЧАДЕНИ**

Член 1

Во Одлуката за укинување на увозната давачка- царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 97/20), во членот 5 зборовите „завршувањето на траењето на вонредната состојба на територија на Република Северна Македонија” се заменуваат со зборовите „31 октомври 2020 година”.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3781/1
8 мај 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.